# ИЗВАДОЦИ И АНАЛИЗА НА ХОМЕРОВАТА *ИЛИЈАДА*

Епската песна *Илијада* се смета дека била составена од хеленскиот епски поет Хомер околу VIII век пр. н.е. Во песната Хомер го опејува страдањето на ахајските војски пред ѕидините на градот Троја во Мала Азија (денешна Турција). Според митот, тројанската војна настанала како последица на грабнувањето на спартанската кралица Хелена од страна на тројанскиот принц Парис. Парис од Троја тргнал во дипломатска посета на градот Спарта во Хелада за да склопи сојуз со спартанскиот крал Менелај. Ноќе, од неговиот дворец ја грабнува Хелена, сопругата на Менелај, и преку Егејското Море со поморски брод се враќа во Троја каде што таа доброволно ја прифаќа понудата за брак. Кралот Менелај, изневерен и повреден, го повикува брат му Агамемнон, кралот на градот Арг, да тргнат во војна против Троја и тројанскиот крал Пријам, таткото на Парис, со цел да ја вратат Хелена назад и за возврат да ја уништат Троја. Многубројната флота тргнува едно утро по водите на Егејското Море во правецот на Троја. Како сојузници на Агамемнон и Менелај се приклучиле многу јунаци и херои (полубогови), меѓу кои биле херојот Ахил, јунаците Диомед, Одисеј, Ајант и др. кои како водачи донеле сопствена војска. Откако пристигнале, подигнале воени шатори и почнале со нападите. За жал, Троја била тешко победлива поради високите и цврстите ѕидини, но и поради одбраната на Тројанците. Војната помеѓу Ахајците и Тројанците траела десет години, а во *Илијада* поетот Хомер ја опејува десеттата година од војната, односно 51 ден пред опожарувањето на Троја.

*Прво пеење, 1-7 стих, **Илијада** од Хомер (гневот на Ахил)*

***Гневот, божице, спеј го на Ахила, синот Пелéјев,***
***пустиот гнев што им задал н'Ахајците безбројни болки***
***силни во Ад испраќајќи многубројни јуначки души,***
***нихните трупови пак правејќи ги плен на псите***
***и на јастребите сите; по вољата Ѕевсова било***
***да се раскараат прво и разделат двајцата мажи:***
***синот Атрéјев, јуначкиот цар, и божескиот Ахил.***

Хомер ја повикува музата Калиопа да му помогне да ја отпее песната – **инвокација**.

Во почетните стихови на *Илијада* Хомер пее за гневот на Ахил. Тој бил најсилниот меѓу Ахајците, но не им помагал на Ахајците во војната затоа што врховниот водач Агамемнон му ја зел робинката Брисеида и го оставил без љубовничка. Ахил гневен и понижен се повлекол во неговиот шатор. Поради неговата лутина ахајските војски гинеле на бојно поле, така што се загубила надежта за освојување на Троја и ослободување на Хелена.

Хомер го опишува вооружувањето на Парис, тројанскиот Принц. Оваа сцена претставува **ретардација**, односно запирање на главниот настан. Епскиот поет одвреме-навреме во пеењата внесувал описи на ликови или некои вонредни сцени за да се избегне едноличноста на песната, односно да не се пее само за крвавата војна.

*Трето пеење, 328-338 стих, **Илијада** од Хомер*
*(вооружувањето на Парис)*

***Та преку рамења тога си облекол оружје красно***
***Парис, божескиот сопруг на Елена с'убава коса.***
***Красните објала прво под колена напред си наврел,***
***што му со сребрени копчи над глезните се закопчуваа;***
***околу градите пак си облекол панѕирот потем,***
***оној од брат му Ликàон, го наместил на себе добро.***
***Преку раменици мечот го префрлил окован в сребро,***
***бронѕан, а потем штитот го зел, и голем и тежок,***
***а на јуначката глава прекрасниот шлем си го ставил***
***с'опашка коњска, што горе му мафтала страшно на врвот.***
***Бојно пак копје си зел, што нарачно в раце му било.***

Превод и препев на македонски јазик од страна на македонскиот академик Михаил Д. Петрушевски

**Mythos е под заштита на Creative Commons**
**Сопственост на Ненад Начковски**
BY NC ND